Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/14,199/14,27/16,35/18,198/18 и Сл.весник на РСМ бр.143/19), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 02-04- 2021 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Член 1

Со Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија бр. 02-15382/2 од 14.09.2015 година, бр.02-19053/1 од 11.11.2015 година, бр.02-3799/1 од 09.03.2016 година, бр.02-3304/3 од 28.02.2018 година, бр.02-8486/1 од 07.06.2018 година, бр.02-10240/1 од 11.07.2018 година, бр.02-13635/1 од 21.09.2018 година, бр.02-14270/1 од 08.10.2018 година, бр.02-15270/1 од 26.10.2018 година, бр.02-17714/1 од 28.10.2019 година, бр.02-8331/1 од 22.06.2020 година и бр.02-3093/1 од 25.02.2021 година.

Член 2

Во Табеларниот приказ на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во точката "1. ФЗО0102Б02001" која гласи: "Шеф на кабинет" во делот на видот на образование "Правни науки, економски науки, организациски науки и управување (менаџмент)" **зборовите "економски науки" се бришат и се заменуваат со нови зборови: "политички науки".**

Член 3

Во Табеларниот приказ на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во глава "I.А-СЕКТОР ЗА КОМУНИКАЦИЈА И АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА", во точката "1. ФЗО0102Б01001" која гласи:

"Директор на сектор за комуникација и административна поддршка", **во видот на образование зборовите "Политички науки, организациони науки и управување (менаџмент)" се бришат и се заменуваат со нови зборови "образование".**

Член 4

Во Табеларниот приказ на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во глава "II. СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ" во точката "1. ФЗО0102Б01001" која гласи: "Директор на сектор за управување со човечки ресурси", во видот на образование по зборовите "Правни науки, економски науки" **се додаваат нови зборови "организациони науки и управување (менаџмент)".**

Член 5

Во Табеларниот приказ на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во глава "II. СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ" во "II .1 Одделение за управување со човечки ресурси", во точката "11. ФЗО0102В04001" која гласи: "Соработник за управување со човечки ресурси" во делот на видот на образование "Наука за книжевност, јавна управа и администрација, социјална работа и социјална политика" **зборовите "јавна управа и администрација" се бришат и се заменуваат со нови зборови: "политички науки".**

Член 6

Во Табеларниот приказ на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во глава "IV.СЕКТОР ЗА КОНТРОЛА", во точката "1. ФЗО0102Б01001" која гласи: "Директор на сектор за контрола", во видот на образование "Економски науки, правни науки или медицински науки" **се бришат зборовите "правни науки" и се заменуваат со нови зборови "организациони науки и управување (менаџмент)".**

Член 7

Во Табеларниот приказ на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во глава "IV.СЕКТОР ЗА КОНТРОЛА", во "IV.1.1 Оддел за контрола на установи од примарна здравствена заштита", во точката "8-А. ФЗО0102В04001" која гласи: "Соработник за контрола во здравствените установи", во делот на видот на образование "Стоматологија, медицински науки и здравство, економски науки" **зборовите: "економски науки" се бришат и се заменуваат со нови зборови: "правни науки".**

Член 8

Во **Подрачна служба Скопје,** во глава "II.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИДОНЕС", во точката "22. ФЗО0102В02001" која гласи: "Контролор на придонес", во делот на вид на образование по зборовите "Економски науки, организациски науки и управување (менаџмент)" **се додаваат нови зборови "јавна управа и администрација"**

Член 9

Во **Подрачна служба Тетово,** во глава "IV.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ", во точката "29. ФЗО0102Б04006" која гласи: "Шеф на одделение за правни и административни работи", во видот на образование по зборовите "правни науки" **се додаваат нови зборови "јавна управа и администрација".**

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по претходно добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за здравство.

02- 4872/1

05 04. 2021

УПРАВЕН ОДБОР/KESHILLI DREJTUS
Претседател/Kryetar
Ridvan Asani

Изготвил: Куштрим Халили/ Kushtrim Halili
Контролирал: Фатиме Идризи/Fatime Idrizi
Согласен: ВД ДИРЕКТОР Стево Крстевски
ВД ДИРЕКТОР/UD DREJTOR, Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA